Почитувана претседателка на Советот на Општина Крива Паланка,Изабела Павловска,

Почитувани советнички и советници,

почитувани раководители од опшинската администрација.

Во пресрет на новата година што претстои и веќе е на прагот,

Правиме осврт  на годината што изминува , на она што ќе ја одбележи нашата работа во оваа 2022 година и ќе остане да говори по нас за тоа што и колку сме создале за граѓаните.

За граѓаните, за секој жител сме тука, достапни и транспарентни во овој период во кој раководам со општината и убеден сум дека граѓаните ја чувствуваат енергијата која се вложува во оправдување на нивната доверба и очекувања.

2022 година ја одбележаа многу проекти и активности насочени кон исполнување на клучните приоритети, на работа на општествен напредок, локален –економски развој, вложувања во инфраструктура, патишта и капитални проекти, во областа на социјалната и детска заштита, урбанистичко планирање, во областа на млади и спорт.

Темел на сите проекти се:

- искрената и посветена работа,

- концепт базиран на реални и конкретни чекори кон подобрување на состојбите,

- континуирана работа Крива Паланка да биде препознатлива  на мапата на општини - пример за останатите.

Работиме заедно со вас,советниците и со вработените во општинската администрација и се соочуваме со секојдневните предизвици.

Заедно, во единство, работиме и сите досегашни успеси се резултат на тимската работа за што во оваа прилика и би сакал да потенцирам што се е сработено во изминатите 365 дена.

Тука ќе ги споменам инвестираните над 60 милиони денари во **инфраструктура** и тоа само за патни правци, и локални и регионални патишта, со кои пред се се решија многу горливи проблеми на населението и од: село Кошари, населба Лозаново и Куков дол, ул.Херој Карпош, од селата- Огут, Нерав, Луке. Асфалтирани се: патот кон новите гробишта во Конопница, ул. Вршачка, нас.„Единство“, од Ловечки дом до м.в. Радевска маала и ул „Пиринска“, нас.Мизовски ливади и други.

Работиме за убава, модерна и Европска Крива Паланка. Тоа многупати го потенцирам, но навистина е така, а за тоа говорат проектите  и тоа што токму оваа година што изминува, 2022, ќе остане запаметена по повеќе капитани објекти кои се реконструирани и обновени по речиси половина век од изградбата:

-Салата во Центарот за култура, со нов лик, модернизирана- вложени се над 4.5 милиони денари

-Надградениот објект „Поточиња“ на детска градинка, инвестиција вредна 27 милиони денари, со обезбедени современи услови,  меѓу најдобрите во државата, за згрижување и воспитување на нашите најмлади жители.

-Обновен е објектот на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта во Крива Паланка- Македонија пат, со 11 милион и денари.

Сето тоа благодарение на одличната соработка и поддршката од централната власт, од Владата на РС Македонија и министерствата и Крива Паланка е вистински пример за тоа како се работи заеднички, посветено и со сплотени сили за граѓаните, за сите граѓани.

-Кејот на Крива Река доби нов лик-завршена е градбата на минор коритото на Крива Река (од Осички мост до Спортски комплекс, 3-та фаза со изграден  пешачки мост,

- реализиран е прв дел, 4-та фаза-до вливот на Бабин дол во Крива Река, во должина од 200 метри . Се работи интензивно на уредување и се подигнуваат нови зелени површини .

-Се градат тротоари од влезот на градот кон градинката каде се врши засадување на дрворед-јавори. Вкупно 500 садници јавор ќе го разубават градот, покрај новоуредените тротоарски површини , а ќе бидат засадени јавори и во самиот кеј на Крива Река.

- Изместев е главен лев колектор од градски пазар до нас.Бегови Бавчи, со што решен е долгогодишен проблем со фекална канализација во овој реон.

-Изграден е нов систем за наводнување во с.Конопница, со вредност од 300 илјади евра преку Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со опфат од 42 хектари земјоделско земјиште

-Изградивме доплонителна канализациска мрежа во с. Мождивњак, за подобра функционалност на системот и одведување отпадни води. Проектот изнесува 2.2. милиони денари, реализизран преку Министерство за животна средина,

-Изградена е пешачко-рекреативна патека “Стара вада” , нови 975 метри, надополнета е рекреативната патека на овој дел од градот, а благодарение на одличната , долгогодишна успешна прекугранична соработка со Крива Паланка доби уште две нови пешачко- рекреативн патеки:

- Во „Бабин Дол“, кон манастирот ,,Св. Јоаким Осоговски“, со регулација на коритото, осветлување и уредени зелени површини, од прекугранична соработка со Бугарија и

- Уредени се „Станечки водопади“, изградена пешачка патека кон туристички локалитет Ловечка куќичка на Калин Камен со прекугранична со Р Србија.

За развој на туризмот, веќе се аплицирани и проект за продолжување на патеката во Бабин дол, со Косово и со Србија за реконструкција на школото во село Градец.

**Грижата за најмладите постојано е во фокус на нашето работење,** покрај надградениот објект на Детелинка, во објектот Пролетна роса се реновира кујната, по најсовремени стандарди, со донација од Јапонска амбасада.

-за само една година поставени се 3 нови, модерни урбани детски игралишта:

1. во градскиот парк,

2.во населба Лозаново и

3. во нас.Маневци, и мора да нагласам, **тие се први од ваков вид во градот.**

**Детската радост, детските насмевки ни се најважни, а тоа јасно го покажавме и продолжуваме да го докажуваме** бидејќи веќе се проектираат уште десетина нови вакви игралишта, а со буџетските програми за наредната година ќе бидат одвоени 3 милиони денари за нови игралишта.

За подобри услови во училиштата се инвестира во континуитет, градиме, вложуваме за младите, за иднината.

-Поставена е тартан подлога во училишниот двор на кошаркарското и помошно игралиште на ООУ ,,Јоаким Крчовски”, како и на спортски терен зад училишната зграда каде е обновена и оградата, а ќе се постават и фитнес-справи и дополнителни спортски реквизити,

-И ООУ „Јоаким Крчовски“, објект „Партизан“ наскоро ќе добие современ спортски терен, тартан подлога на игралиштето, со заштитна ограда, а објектот добива и комплетно нова енергетски-ефикасна фасада, инвестицијата од 7 милиони денари ќе се реалзизира преку Министерството за образование и наука ќе овозможи модерни и современи услови за учениците.

-И во ООУ Илинден, село Конопница ќе се уредува спортскиот училишен терен.

**Од оваа, 2023 година, за првпат досега воведуваме и многу нови мерки за младите:**

1. Еднократна парична помош ,3.000 денари, за сите матуранти од општината;

2. Субвенции за набавка на дигитални уреди, за студенти и млади невработени лица до 29 години;

3. Субвенции за млади за набавка на нов велосипед;

4. Еднократна парична помош,3.000 денари, за секое новороденче од Општина Крива Паланка;

5. Субвенции за набавка на количка за новороденче, 3.000 денари;

6. Воведената еднократна парична помош,3.000 денари, за секое првоодделенче продолжува

7.- стипендирањето за талентирани ученици и студенти како и стипендирање на талентирани спортисти исто така.

**Социјалните услуги добиваат нов импулс со проектот што во понеделникот беше потпишан во МТСП,**

-Крива Паланка добива Центар за дневен престој на стари лица со активно стареење, грантот изнесува 5.9 милиони денари. Проектот за социјални услуги на локално ниво ќе се реалзиизра во партнерство со ОО на Црвен крст, како дaвател на услуги во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги на МТСП со поддршка од Светска банка.

**Постојано работиме на унапредување на социјалните услуги во нашиот град**, продолжува грижата за сите наши сограѓани, исто така со Црвен крст во тек е проект за нега и грижа на стари лица во домашни услови, над 20 негуватели пружаат грижа на 70-тина корисници и проектот ќе продолжи да се надградува,

**Се грижиме и креираме мерки за поддршка на сите граѓани, а за највозрасните лица** –работиме интензивно на еден од долгонајавуваните проекти, дом за стари лица, неопходен за нашите возрасни сограѓани.

Сакам да најавам-проектирањето на ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА во Крива Паланка е во завршна фаза, со МТСП сме во координација за изнаоѓање модели за негово функционирање во блиска иднина. За оваа намена се проектира објектот на постојниот дом за ученици „Боро Менков“ и верувајте, според проектите ќе имаме уште еден капитален, функционален објект за потребите на граѓаните.

**Во областа на социјална заштита со буџетот за 2023 година:**

1. За првпат- воведуваме еднократна парична помош за лица со попреченост од општината;

2.еднократна парична помош 30.000 денари за згрижувачки семејства,

3. Ослободување од комунални давачки на семејствата на загинатите бранители од Општина Крива Паланка и

4. ќе се градат пристапни рампи во институциите на локално ниво.

**2022 година ќе биде одбележана и по тоа што се зафативме со решавање на проблемот со легализација на дивоградби**, а воведениот динамички план резултира со доделени над 250 решенија само во оваа година и продолжува интензивната работа на решавање на овој проблем кој се провлекуваше низа години.

**Работиме со визија за развој на градот- носиме нов генерален урбанистички план ( ГУП )** на град Крива Паланка за перодот од 2019 до 2029 година. Веќе е спроведена и јавна анкета, јавна расправа за нацрт-гупот, кој е финасиран од Владата на Северна Македонија.

Со новиот ГУП се отвора можност за развој на градот, како и можности за нови инвестирања и нов извор на финансии на Општина Крива Паланка.

**Издвојуваме досега најголема сума за проектирање,**

**Со буџетот во 2023 година инвестираме 6.1 милиони денари за проектирање**: улици и патишта, водоводи и канализации и останати комунални објекти .

**И сообраќајниот метеж се решава етапно, така се обврзавме, така и работиме:**

-Се работи на основен проект за воведување зонско паркирање во централното градско подрачје, а ќе го менаџира ЈП „Комуналец“,

-2023 година се очекува да се вовоеде истото, а направени се 2 алтерантивни паркинг простори за бесплатно паркирање во центарот на градот.

**Јавната чистота и уреденото зеленило, хортикутлурното уредување станаа препознатлив белег за Крива Паланка.**

Нови хортикултурни содржини се новата слика- од влезот до излезот на градот.

Особено во централното градско подрачје, во новито парк и плоштад:

-поставени се нови цветни форми,

- декоративни повеќегодишни садници,

- нова урбана опрема е поставена во градскито парк и изграден е летниковец,

-набавени се нови возила за ЈП Комуналец со што ги оствуруваме ветувањата за поефикасни, побрзи услуги и модернизација на услугите и претпријатието. Новите специјализирани возила за претпријатието: - метларка, мултифункционален трактор и мулчер за кастрење гранки, по две електирчни правосмукалки и машини-косачки, како и метларка специјализирана за перење улици се во функција и тоа е забележливо на секоја педа од градот.

-за ефикасна и навремена реализација на зимското одржување во ЈП Комуналец набавивме и ново возило за чистење снег со придружна опрема, погодно за конфигурацијата на теренот. Возилото е во вредност од 3 милиони денари, грант од Бирото за регионален развој.

-набавен е трактор со соларка и нож, потребна придружна опрема за чситење снег и зимско одржување

**Во областа на спортот направивме значаен исчекор,спортистите ја имаат и ќе ја имаат мојата поддршка.**

За подобра спортска инфраструктура веќе се одобрени проектите:

-изградба на мултифункционално игралиште во село Мождивњак, на м.в Дубје. Избрана е фирмата изведувач, „Карпош“,

- а во моментот веќе се гради фитнес зоната на отворено кај спортскиот комплекс.

Од оваа, 2023 година, за првпат воведуваме директна поддршка од буџетот на општината за сите спортски здруженија - нешто што досега не се случило како финансиски стимул за

постигнување уште поголеми резулатти ан сиет нашик таленти и спортски работници кои и досега беа вистински амбасадори на Крива Паланка, во државни и меѓународни рамки.

**Културните манифестации, стилот на органзиација и менаџирање со истите, се нешто за што се говореше многу во јавноста оваа година**, а она што можам да го потенцирам е и дека од почетокот на годината се до денес, градот навистина пулсира во поинаков ритам.

Градот живее во поинаков манир преку бројните манифестации, преку заживувањето на плоштадот, паркот. И во текот на летото, со богатата културна програма, со фестивалите кои привлекоа голем број туристи и посетители, се до нвоогодишнито базар и раскошното украсување за кое иако е енергетска криза, изнајдовме алтернатива благодарение на нашите иселеници и домашни компании коик донираа за да и периодов, Крива Паланка биде во фокусот на медиумите и јавноста како атрактивна дестинација за време на претстојните празнувања.

**А работата продолжува, во 2023 година, сакам да најавам уште повеќе инвестиции и средства планирани за проекти за кои веќе имаме одобрени и обезбедени финансии.**

**Следната година, најавувам - ќе вложиме над 110 милиони денари или импозантни- 1 милион 788 илјади евра,само за локални и регионални патни правци**.

Тука ќе набројам само дел од големите проекти кои со сигурност ќе продолжат да го менуваат ликот на градот:

1. Проширување на централната градска улица, проект вреден 40 милиони денари,обезбедени средства од Министерство за транспорт и врски Светска банка

2. Реконструкција на улиците во нас. Илинденска, ул.Наско Тамбурков, 17-та Македонска ударна бригада и останатите, 15 милиони денари, средства од капитални блок-дотации од Министерство за транспорт и врски,

3. Преку ТАВ програмата добиваме нови 12 милиони денари за локални патни правци и улици,

4. Со 28 милиони денари од Бирото за регионален развој, ќе се асфалтираат за пет нови улици и патишта: кон село .Кркља, ул.Македонска, ул.Баглачка, ул. Осоговска, ул.Климент Охридски.

5. 12 милиони денари преку СИПР вложуваме во реконструкција на дел од улицата „Св.Јоаким Осоговски“ (од Осички мост до спој со магистралниот пат А2) - 1.200 метри од улицата ќе бидат обновени.

6. Ќе се реконструира обиколницата со средства од Јавно претпријатие за државни патишта.

7.Општината започна постапка за купување на депонија за инертен отпад.

Ќе реализираме многу други проекти за подобрување на условите во патната и канализациона, водоводна инфраструктура во повеќеделови од градот:

-Преку Европска банка за обнова и развој ,програма за грантови на општините се очекува изградбата на водоводот „Вирови Грамаѓе“ во Конопница и водоводна мрежа во село Мождивњак, со што се решава проблемот со водоснабдување и истовремено.

И не само инфрастурктура, како што најавив, преку бројните мерки и програми кои ги воведовме, преку рпограмите и активностите од буџетот, креиран низ форумскиот родово-одговорен буџетски форум, по мерка на граѓаните, работиме и креираме иднина, преку дела кои народот ги препознава.

Сето тоа е резултат на посветеност и неуморна работа.

На сплотеноста и заедништвото.

И тоа заедништво повикувам да биде уште посилно, со вас, овде во Советот на Општина Крива Паланка, со локалните институции, заедно со поддршката од централната власт, од партнерите од Евроспките држави, од нашите соработници и збратимени градови, да создаваме уште повеќе, видливи, препознатливи резултати, за граѓаните.

За секој жител на мојата, ваша, наша убава родна Крива Паланка.

Со срце да работиме и градиме град – наша заедничка гордост каде нашите идни поколенија ќе ја градат својата иднина како перспективни и среќни граѓани .Да го оставиме за идните генерации ова прекрасно парче земја уште поубаво и по просперитетно,затоа што е тоа наша должност, обврска и долг кон општеството.

Од она што денес го правиме, зависи каква ќе биде утрешнината.

Со таква добра мисла упатувам благодарност, најпрвин, до сите вас за сите заеднички успешни проекти и моменти , што донесоа радост и задоволства за граѓаните.

Посакувам празниците што доаѓаат да донесат многу радост и насмевки, нова надеж и верба за уште поубава и поуспешна година за сите. Здравје, бериќет и благодет на најмилите, во семејствата и фамилиите нека царува. Нека заживеат вистинските вредности, за среќни поколенија.

Посакувам во Новата 2023 да царува добрина, а позитивните мисли што носат ведрина во овие празнични денови, да не водат во текот на целата година.